Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија одржана на 9.12.2009 година, расправаше по рефератот за Утврдување начелен став, начелно правно мислење, по прашањето од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите при склучување на судско порамнување според член 307 – 310 од Законот за парничната постапка и со мнозинство гласови, го усвои следниот:

## НАЧЕЛЕН СТАВ – НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

I.Странките можат да склучат порамнување по предметот на спорот (судско порамнување) како пред парничниот суд од прв степен, така и пред парничниот суд од втор степен.

II.Судско порамнување пред првостепениот суд странките можат да склучат се до правосилно завршување на спорот, односно до донесување на правосилна одлука.

III.Странките можат да склучат судско порамнување пред второстепениот суд само кога второстепениот суд одлучува на расправа, закажана по повод поднесената жалба.

IV.Судот од втор степен, не може да го врати административно предметот на првостепениот суд, по повод предлогот на подносителот на жалбата за склучување на судско порамнување, ако еднострано е предложено склучувањето на судското порамнување.

V.Кога странките предложиле склучување на судско порамнување по донесувањето на првостепена пресуда, против која е изјавена жалба, во записникот за судско порамнување, треба да се наведат податоци за првостепената пресуда, за поднесената жалба, изјавите на странките, начинот на кој се уредуваат односите (целосно или делумно). Кога странките со судското порамнување само делумно ги уредуваат односите, за преостанатиот спорен дел од граѓанско-правниот однос, ќе се одлучува по жалбата против првостепената пресуда.

VI.Доколку се склучи судско порамнување пред првостепениот суд, а предметот е испратен по жалба пред второстепениот суд, во тој случај првостепениот суд е должен да го извести второстепениот суд за склученото судско порамнување, а тоа може да го сторат и странките.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**